РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3215/3
12-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 92-та седница одржана на ден 11.09.2023 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3215/1 од 04.07.2023 година, оформен по доставена пријава за примање поткуп, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување поради недоволно податоци и информации за пријавениот случај, имајќи предвид дека подносителот не одговорил на барањето на ДКСК за дополнување на пријавата.

Предметот со број 12-3215/1 од 04.07.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 04.07.2023 година, поднесена е пријава против за примање поткуп и оформен е предмет број 12-3215/1 од 04.07.2023 година.

Во пријавата се укажува на сомневање дека директорот на -------------- – ------------ примил поткуп од правно лице за тендер што му овозможило на правното лице да победи.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК достави барање за дополнување на пријавата до подносителот во насока на тоа да се дадат прецизни информации за која јавна набавка се однесуваат наводите од пријавата. На барањето на ДКСК не е доставен одговор од страна на подносителот.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека во конкретниот случај нема елементи за натамошно постапување поради недоволно податоци и информации за пријавениот случај, а подносителот не одговорил на барањето на ДКСК за дополнување на пријавата, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**